# РАБОТЕН СОСТАНОК ЗА ИЗРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ПЕНИТЕНЦИЈАРНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На 01 и 02 октомври 2014 година во Стразбург – Франција, се одржа Четвртиот состанок за изработка на Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Македонија, што е дел од активностите на ИПА Проектот 2009 насловен како "Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица".

На работниот состанок учествуваа 6 членови од работната група од Управата за извршување на санкциите и 4 меѓународни експерти ангажирани од Советот на Европа, меѓу кои и главниот меѓународен консултант кои заеднички работеа на подобрување на текстот на документот.

Со Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Македонија, пред се, ќе се идентификуваат позитивните и негативните аспекти на функционирање на затворскиот систем во државата и врз основа на постоечката состојба ќе се поставaт конкретни цели и ќе се понудат реални решенија за подобрување на состојбата во целокупниот пенитенцијарниот систем во Република Македонија.